АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
05-4542/20
03-12-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14 и 130/14) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-4542/11 од 17.11.2014 г. , Извештај од спроведена постапка пред е-аукција бр. 05-4542/12 од 17.11.2014 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-4542/13 од 25.11.2014 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-4542/14 од 25.11.2014 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**16/2014** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Ангажирање на овластена организација за извршување на санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки (Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација)**

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-4542/11 од 17.11.2014 г. ,Извештај од спроведена постапка пред е-аукција бр. 05-4542/12 од 17.11.2014 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-4542/13 од 25.11.2014 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-4542/14 од 25.11.2014 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-4542/1 од 13.10.2014г., со примена на постапка – барање за прибирање понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Ангажирање на овластена организација за извршување на санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки (Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација) се доделува на:

**ДТУ „ЗОТОКС " ДООЕЛ**
**Ул. „Ботун" бр.31 а , Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги

извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива